ЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 29-08-2022 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11-102/1 | | | |

До: Општина Битола
бул. 1-ви Мај бр. 61
7000, Битола

# БАРАЊЕ

**за пристап до информации од јавен карактер**

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија бр. 13/06, бр. 86/08, бр. 6/10, бр. 42/14, бр. 148/15, бр. 55/16 и бр.98/19), бараме да ни овозможите пристап до одредени информации од јавен карактер за потребите на проектна активност реализирана од страна на

Имено, во рамките на проектот „Преку инклузија и транспарентност до еднаквост и квалитет: Подобрување на процесите на локално буџетирање во Северна Македонија“ реализира мерење на индексот на отворени општини, за чие успешно спроведување има потреба од обезбедување на податоци од јавен карактер:

1. **Дали општина има пропишани процедури за вклучување на граѓаните во процесот на планирање на буџетот?**
2. **Дали општина во 2020 организирала средба/и со маргинализирани групи на нејзината територија со цел утврдување на потребите на овие групи и можностите за нивно финансирање со буџетот за 2021 година?**
3. **Дали општината има родово одговорни индикатори во буџетските програми за 2021 година?**
4. **Дали општината организирала јавна трибина на која ја претставила завршната сметка, односно реализацијата на буџетот за 2021 година?**
5. **Дали според завршната сметка за 2021 година, општината ги реализирала програмите за**
6. **финансирање на маргинализираните групи?**

**Форма во која се бара информацијата:**

1) увид
2) препис
3) фотокопија
4) **електронски запис (пожелно е во word или во excel формат)**
5) друго ______________

**Начин на доставување на информацијата:**

1) по пошта
2) телефон
3) факс
4) **е-маил**
5) друго ______________

**Барател на информацијата:**

**Застапник/полномошник на барателот на информацијата:**

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер)

Датум: 29.08.2022

Подносител

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Благица Талевска
Раководител на одделение за буџетска координација

Бр.11-102/2
29.08.2022

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-102/1 за пристап до информации од јавен карактер, поднесено од

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер
Цветанка Ристевска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ОПШТИНА БИТОЛА *

29.08.2022

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за финансиски прашања**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 0 6 -09- 2022 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11-102/3 | | | |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
БР. 30-02/25
06. 08 20 22 год.
БИТОЛА

До
Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Врз основа на Ваше барање од 29.08.2022 година број 11-102/1, Ве известуваме дека:

1.Општина има пропишани процедури за вклучување на граѓаните во процесот на планирање на буџетот .
2.Општината има организирано средби со маргинализирани групи на граѓани.
3.Да општината има родово одговорни индикатори во буџетските програми за 2021 година.
4.Општината нема организирана јавна трибина на која ја претставила завршната сметка односно реализацијата на буџетот за 2021 година.
5.Да според завршната сметка за 2021 година, општината ги реализирала програмите за финансирање на маргинализираните групи.

Битола
06.08.2022 година

Раководител на одделение
за буџетска координација
Б. Талевска

ОПШТИНА БИТОЛА

# ПОСТАПКА ЗА ПЛАНИРАЊЕ И ДОНЕСУВАЊЕ НА БУЏЕТ

## 1. Намена и цел на постапката

Постапката е наменета да го објасни начинот на планирање и усвојување на буџетот на Општината, кое се врши во Одделение за буџетска координација , преку соодветните советници, соработници и согласно систематизацијата во Општината.

## 2. Примена на постапката

Постапката ја применуваат Градоначалникот, Советот на општината, Раководител на Сектор за финансиски прашања, Раководител на одделение за Буџетска координација , Одговорни лица за процесите и Претставникот на раководството за управување со квалитет.

## 3. Активности при планирање и донесување на буџет

Раководителот на одделението за буџетска координација, доставува Циркуларно писмо до Раководителите на Секторите и Раководителите на оделенијата во Општината и истото писмо го доставуваат до Директорите на локалните јавни установи (во Општина Битола тоа се 12 основни училишта, 6 средни училишта, 2 централни градинки, 1 старски дом и 1 зоолошка градина). Циркуларното писмо е всушност - известување дека Одделението за буџетска координација започнува со планирање на буџетот и сите нивни предлози, мислења и барања да се достават до одделението за планирање и извршување на буџетот.

По доставувањето на Циркуларното писмо се одржуваат состаноци со Раководителите на секторите и оддленијата и посебно со Директорите и сметководителите на локалните јавни установи.

На состанокот со Раководителите на секторите и одделенијата се разгледуваат усвоените Годишни програми согласно кои се определуваат приоритетите во кои ќе учествува Општината.

На состанокот со Директорите и сметководителите се даваат смерници за планирањето на трошоците и начинот на распределување на самофинансирачките средства. Раководителот на одделението за буџетска координација доставува образци за планирање на средствата.

Градоначалникот заедно со Преставници од соодветните одделенија од Општината исто така ги посетуваат и Месните заедници каде што имаат средби со граѓаните кои ги пренесуваат своите барања и предлози.

**ОПШТИНА БИТОЛА**

Раководителот на Одделението за буџетска координација кога ќе ги собере сите предлози, мислења и барања од Раководителите на секторите и одделенијата од Општината, Директорите на локалните јавни установи и граѓаните преку Месните заедници го изготвува Предлог Буџетот.

Раководителот на Одделението за буџетска координација континуирано го известува Градоначалникот за сите прелози, мислења и барања и истите се разгледуваат од страна на Градоначалникот.

Додека се изготвува предлог буџетот од Министерството за финансии се добиваат индикатори т.е информации за блок дотациите за локалните јавни установи. Раководителот на Одделението за буџетска координација согласно блок дотациите кои до моменталната фаза на децентрализација се составени од плати и тековни трошоци за локалните јавни установи, прави анализа на реалните трошоци на локалните јавни установи и делот од блок дотациите кои ги покриваат трошоците и планираат дел на средства кои Општината ги планира за помош за одредени потреби на локалните јавни установи, на пример како што е нафта или дрва за греење.

Пред објавувањето на предлог буџетот на web страницата, тој повторно се разгледува со Градоначалникот.

Предлог буџетот се објавува на web страната и во јавните гласила се објавува дека предлог буџетот е објавен и дека во период од 20 дена се примаат сите предлози и сугестии од страна на граѓаните.

Кога ќе се објави предлог буџетот, предлог буџетот се става на дневен ред и се разгледува од страна на Комисијата за финансии и буџет и Комисија за надзор на финансиско работење. Предлог буџетот се презентира од страна на Раководителот на Одделението за буџетска координација , комисијата ги дава своите предлози и сугестии, а истовремено и Раководителите на секторите и одделенијата ги презентираат своите годишни програми кои што се дел од предлог буџетот.

После 20 дена од објавувањето на предлог буџетот најдоцна до крајот на годината предлог буџетот се става на дневен ред на Советот и истиот се усвојува. Кога ќе се усвои буџетот истиот се доставува до Министерство за финансии каде што се врши контрола и вчитување на буџетот во системот на Министерството за финансии.

4. Дијаграм на тек на Постапката за планирање и донесување на буџет




## 5.Референтни документи:

Закон за локална самоуправа

Закон за финансирање на единица на локалната самоуправа

Закон за буџет

Закон за сметководство

**6. Записи**

Годишни програми на одделенијата на Општината

Циркуларно писмо

Предлози од раководителите на одделенијата и секторите

Предлози од Граѓаните при Месните заедници

Предлози од Локалните јавни установи

Предлог Буџет

Одобрил:

Раководител на одделение за буџетска координација

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

Бр.11-102/4
06.09.2022

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот со стан на поднесено на **29.08.2022 година**, имателот на информацијата **Општина Битола** го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

Барањето од по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер: Прашање бр.1 Дали општината има пропишани процедури за вклучување на граѓаните во процесот на планирање на буџетот? Прашање бр.2 Дали општината во 2020 организирала средба со маргинализирани групи за навно финансирање со буџетот за 2021 год. Прашање бр.3 Дали општината има родово одговорни индикатори во буџетските програми за 2021 год.? Прашање бр.4 Дали општината организирала јавна трибина за реализацијата на буџетот за 2021 год.? Прашање бр.5 Дали според завршната сметка за 2021год., општината ги реализирала програмите за финансирање на маргинализираните групи? **(детален опис на прашањата во барањето во прилог на решението)**

**СЕ УВАЖУВА**

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на Барањето информација од јавен карактер доставено од , со стан на имателот на информацијата **Општина Битола ви ја доставува информацијата:**
**Во Прилог:**
1. Копија од барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.11-102/1
2. Допис до Одделение за буџетска координација со бр.11-102/2 од 29.08.2022
3. Одговор од Одделение за буџетска координација со бр. 11-102/3 од 06.09.2022

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во **Општина Битола** на 06.09.2022 година, под бр. 11-102/4.

**Службено лице за посредување при остварување**
**на правото на слободен пристап**
**до информации од јавен карактер**
**Цветанка Ристевска**